СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 јули 1996 година

Скопје, јули 1996 година

ЧЕТИРИЕСЕТ И ДЕВЕТТА (49) СЕДНИЦА, II ПРОДОЛЖЕНИЕ,

ОДРЖАНА НА 17 ЈУЛИ 1996 ГОДИНА


1. АТАНАСОВ ЃОРИ 18
2. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД 36
3. ДИМОВ ЛАЗАР 21
4.ЖУТА БЕЌИР 53
5. ИВАНОВ ЉУБИСАВ 49, 56
6. МИЉОВСКИ ЈАНЕ 12
7. МИНОВ ПАНЧОШ 23, 27, 57
8, НАЈД0ВСКИ СЛОВОДАН 41, 43
9. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1
10.ПАУНОВ ТЕОДОСИЈА 13
11. ПАРАЌЕОВ НИКОЛА 46
12. СТОЈАНОВСКИ БЛАГОЈ 9
13. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН 44
14. ТРАЈКОВ МИЛЧО 5, 8
15. ТАНТАРОВ ВЕЉО 11, 28
16. ТРАЈКОВ РИСТО 13, 43
17. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА 8
18. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО 51, 52
19. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ 32, 43

Т.14-стр.1; Т.15-стр.2
Т.16 и 17-стр.3; Т.18 и 19-стр.4
Т.20 и 21-стр.5; Т.22-стр.6
Т.23 и 24-стр.7; Т.25-стр.8
Т.26-стр.10; Т.27-стр.13


КРАЈ НА СЕДНИЦАТА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Четириесет и деветтата седница, одржана на 17 јули 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1, со почеток во 12,05 часот).

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Собранието на Република Македонија, Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на **точката 14** - Барање за давање автентично толкување на членовите 29 став 1 точка 1, 91 и 92 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 52/1995 година) поднесено од Републичкиот одбор на месните заедници на Република Македонија.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека барањето за давање автентично толкување на членовите 29 став 1 точка 1, 91 и 92 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 52/1995 година) поднесен од Републичкиот одбор на месните заедници на Република Македонија не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието да се достави до Републичкиот одбор на месните заедници.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (58 пратеници гласаа за)

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 15** - Барање за даваше автентично толкување на член 121-А став 1 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" број 14/95 поднесено од претпријатието за внатрешен и надворешен промет "ЗЕГИН" друштво со ограничена одговорност - Скопје.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието констатира дека барањето за давање автентично толкување на членот 121-а од Законот за работни односи ("Службен весник на Република Македонија" број 14/95 поднесено од претпријатието за внатрешен и надворешен промет "ЗЕГИН" со ограничена одговорност - Скопје, не е оправдано и дека нема потреба оп автентично толкување на овој член од причините содржани во извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Второ, овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието да се достави до претпријатието за внатрешен и надворешен промет "ЗЕГИН" Друштво со ограничена одговорност.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? ( 59 пратеници гласаа за).

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 16** - Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџивасилев - Јасмин".

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџивасилев - Јасмин".

Минуваме на **точката 17** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот, одбор на Здравствениот дом "Ростуше" - Ростуше.

Предлогот на одлуката Ви е поделен. Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор во Здравствениот дом "Ростуше" од Ростуше. ...

Минуваме на **<u>точката 18</u>** - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор во Болницата за нервни и душевни болести "Бардовци" - Скопје.</u>

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор во Болницата за нервни и душевни болести "Бардовци" - Скопје.

Минуваме на **<u>точката 19</u>** - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор во Заводот за здравствена заштита во Битола.</u>

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање.(Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор во Заводот за здравствена заштита во Битола.

Минуваме на **точката 20** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор во Заводот за здравствена заштита - Охрид

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор во Заводот за здравствена заштита -Охрид.

Минуваме на **точката 21** - Предлог на одлука за изменување претседател, членови и нивни заменици на Арбитражната комисија за решавање на споровите што ќе настанат меѓу здравствените организации и Фондот за здравствено осигурување.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? ) S

Има збор Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Сакам да кажам дека ќе гласам за одлуката. И уште нешто дека всушност оваа арбитражна комисија требаше да се формира поодамна согласно Законот за здравствена заштита. За жал таа веќе ќе има доста работи затоа што има спорови помеѓу поединиу приватни здравствени

организации од една страна и Фондот. Се надевам дека таа ќе работи успешно и дека ќе си ја исполни работатассогласно Законот и прописите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?(63)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именуваше претседател, членови и нивни заменици на Арбитражната комисија за решавање на споровите што ќе настанат меѓу здравствените организации и Фондот за здравствено осигурување.

Минуваме на **точката 22** - Предлог на одлука за разрешување од функцијата член на Советот на Народната банка на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање.(Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешуваше од функцијата член на Советот на Народната банка на Република Македонија.

Минуваме на **<u>точката 23</u>** - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Работната организација за производство на филмови "Вардар - филм" - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање.(Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Работната организација за производство на филмови "Вардар - филм"- Скопје.

Минуваме на **<u>точката 24</u>** - <u>Предлог на одлука за определување раководител- на Анкетната комисија за утврдување на одговорноста за увоз на доматите и краставиците во Република Македонија во текот на 1995 и 1996 година.</u>

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за определување раководител на Анкетната комисија за утврдување на одговорноста за увоз на домати и краставици во Република Македонија

во текот на 1995 и 1996 година.

Минуваме на **точката 25** - Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот парламент.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претресе.

Молам, кој бара збор?

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Пред да гласаме би сакал едно појаснуваше од Комисијата доколку може да се добие. Согласно кои критериуми е формирана оваа Комисија, како и другите комисии. Зошто го поставувам ова прашање? Имам впечаток дена поедини пратеници не навлегувајќи во нивната стручност и компетентност и квалитет се застапени веќе во две парламентарни делегации, додека има пратеници кои што не се ниту во една. Имаше една ситуација некаде од прилика пред три месеци согласно тој критериум сите да бидеме подеднакво застапени јас бев изваден од една комисија, мислам' тотално' е исправно според критериумите. Додека сега имам впечаток дека тоа се прави повторно со тоа што некои пратеници се ставени во понерамноправна положба во однос на другите. Би молел ако може да следи објаснување пред гласањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали претставникот на Комисијата за избори и именувања бара збор. (Не)

Можете само да гласате за, или против господине Трајков, немате друга варијанта.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Јас сакав само да предложам ако постои можност да се прошири составот на оваа комисија и да се внесе еден претставник на

социјалистичката партија, бидејќи сметам дека е неоправдано пратеничката група да не биде застепена во оваа Комисија која треба да соработува со Европскиот парламент.

Имам конкретен предлог ако постои можност, тука не е претседателот на Комисијата, Бранко Арсовски да биде предложен во составот на Комисијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој бара збор?

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Во составот на групата за соработка со Европскиот парламент, а составот го направивме врз основа на предлози од страна на пратеничките групи и Либералната и СДС дадоа свои предлози и тие беа вградени во одлуката што Ви е доставена. Од стана на Социјалистичката партија немаше претставник и немаше кој да предложи. Инаку беше кажано дека на самата седница пратеничката група на Социјалистичката партија ќе предложи. Јас мислам дека предлогот е исправен и треба да биде Комисијата проширена со Предлогот што е даден од страна на пратеникот Благоја Филиповски со Бранко Арсовски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи претставникот на Комисијата се согласи со пред- логот на господинот Филиповски, според тоа составот на пратеничка та група се проширува за уште е,ден член.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бар^ збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за со работа со Европскиот Парламент.

Преминуваме на **26-та точка** од дневниот ред - Информација за спроведување на некои прописи од областа на материјалното обезбедување на борците земјоделци што примаат старосни пензии во нашата држава.

Владата на Република Македонија го извести Собранието дека веќе оперативно го решила прашањето на здравствената заштита на борците земјоделци, корисници на старосна пензија, на тој начин што ќе бидат опфатени со Законот за здравствена заштита.

Од овие причини Владата предлага Собранието да не рас- права по ова прашање.

Има збор господинот Тантаров, како предлагач на оваа точка на дневниот ред.

II/2.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, денешното продолжение на оваа седница на Собранието на Република Македонија покрај другото со посебно внимание го очекуваат околу три илјади борци земјоделци од нашата држава. Тие очекуваат денеска некој од Владата јасно и гласно да им каже зошто нејзината бирократија не сака да го спроведе законот за материјално обезбедување на борците од последната војна за ослободување на Македонија и борците од другиот дел на Македонија. Јас барав денеска да се расправа, да имаме една таква информација од Владата, меѓутоа, за жал, таква информација не стигна, пред самата седница стигна ова барање што го прочита претседателот на Собранието на Република Македонија со кое се бара да не се расправа по овој проблем на борците земјоделци и затоа што во овој допис од Владата се вели дека Владата ова прашање ќе го реши со законот за здравствена заштита.

Господа пратеници, ние, ако се сеќавате, на 7 март о.г. го донесовме Законот за измена и дополнување на Законот за материјално обезбедување на борците од последната војна за Македонија и во овој закон јасно и гласно е кажано како и на кој начин овие земјоделци ќе го остварат правото за здравствена заштита. Инаку, да ве потсетам, со овој закон борците што имаат некакви материјални можности за егзистенција до сега немаа право на здравствена заштита и неколку пензии од тие пензии што изнесуваа околу 2000 денари мораа да ги враќаат за здравствена заштита.

Во членот 6 од овој закон е јасно кажано кој и како користи дел од овие средства, а во членот 10 е кажано дека борците земјоделци имаат право на бесплатна здравствена заштита. Зошто денеска ни се понудува една алтернатива дека Владата ќе го реши проблемот со здравственото осигурување на борците земјоделци со законот за здравствена

заштита. Ние имаме закон, што сега носиме сега нов закон? Сметам дека некој од претставниците на Владата денеска треба да појасни дали овие земјоделци борци ќе имаат право на здравствена заштита или не Ш понатаму ќе плаќаат или ќе чекаме тие да умрат па потоа да донесеме некој друг закон. Инаку, да на- поменам дека овие земјоделци најмладиот е 75 години, а најстариот некаде 90 години.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Ј^ане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас би сакал да спречам писмото на Владата да се протолкува на еден начин кој не би бил соодветен на текстот на намената. Имено, Владата на три пати раправаше за проблемот и Владата го воочи проблемот и се согласи дека таков проблем постои, меѓутоа, наместо само да воочи и да каже да, проблем постои, ние го побаравме решението, а јас сега не можам деталите да ви ги кажам, веројатно би можел ресорниот министер, меѓутоа, до сите ресорни министри се дадени соодветни наредби за примена затоа што се сметаше дека во законот е генерално решено, меѓутоа, како тоа во пракса да се примени овие луѓе да можат да си го остварат своето право, Владата практично донесе заклучок и практично сметаме дека со спроведување на заклучоците на Владата проблемот ќе биде тргнат од невен ред. Затоа предлагаме да не се расправа затоа што е решен проблемот, а не за да спречиме дискусија, туку затоа што се согласуваме немаме разлики и затоа што проблемот е решен или ќе биде решен во најкратко време. Соодветните министерства веќе добиле задача оперативно како да го решат овој проблем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа се согласувам како што е предложено да не расправаме на оваа седница по оваа информација, бидејќи потпретседателот на Владата добро кажа и објасни,меѓутоа, кога би бил рокот да се обезбеди нешто заради тоа што состојбата на борците инвалиди кои се земјоделци им е намалена егзистенцијата за живот. Заради тоа барам што побрзо да дојде законот на дневен ред, ако не предлагам Владата да реши со уредба или со одлука за овој проблем. Многу малку борци останаа кои ја ослободија земјата, а денеска немаат средства за егзистенција, имаат големи проблеми.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на **<u>27-та точка</u>** од дневниот ред - <u>Информација за откуп и пласман на раноградинарските производи.</u>

Информацијата и извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги. При едно од последните патувања, односно при една посета на поранешниот минис-

тер во Битола во средба со земјоделците беше констатирано дека доаѓа на зајдисонце. Истото можам да го констатирам и јас за оваа информација, бидејќи се работи за одминат период на берба во однос на раноградинарските култури. Чувствувам одговорност да кажам не- колку збора по однос на оваа информација.

Реков, свесен за периодот кога се гледа информацијата, свесен и за тоа каков ќе биде крајниот епилог од расправата по истиот, но притиснат од сериозносга на проблемот од причина што важиме за сериозни луѓе чувствувам: потреба да кажам неколку збора за владината информација, за пласманот на раноградинарските производи.

Сериозноста за откупот пласманот на раноградинарските култури врз мене е пренесен низ контактите со производителите искажан само со зборовите"нели ви е грев, нели гледате што се случува со производството, нема ли луѓе во соодветните министерства што гледаат подалеку и што планираат, што со овие производи". Заради потребата од гледање малку подалеку ќе спомнам неколку бројки на количини на производство засеани само на територијата на општина Струмица, а што не соодветствуваат со податоците дадени во приложената информација. Имено, во 1996 година под раноградинарски култури има засеано во општествениот сектор 156 ха и во индивидуалниот сектор 7600 ха или искажано количински во општествениот сектор 5500 илјади тони, а во индивидуалниот сектор 28 илјади, односно вкупно околу 33 илјади и 500 тони производство. Ова се податоци што заслужуваат респект, претставуваат гордост на државата искажано преку процентот на порастот на производството во 1995 година кое изнесуваше 15% исклучиво во аграрот, податоци за испит на сериозноста на луѓето задолжени за проблематиката во земјоделието и стопанството, а имајќи во предвид дека добиените количини на производство во индивидуалниот сектор се исклучиво со сопствени вложувања без притоа

да бидат ангажирани било какви средства од Буџетот, односно од средствата одвоени за регресирање, за кредитирање во индивидуалното земј

оделие, по Буџетот за 1996 годи- на.

За да се има поцелосна претстава околу проблемот, ќе дадам уште неколку податоци за производството. Примерот за производство на 2000 кгр. компири од 1000м2 површина потребно е вложување од 40.303 денари или за производство на 4,5 илјади кгр. домати од 1000м2 површина, потребно е вложување на сума од 118.500 денари, а за враќање на основните средства без заработка кај доматите производителот треба да постигне цена од 26 денари по килограм, а примерот со сегашниот откуп од конзервната индустрија во Струмица изнесува дури 10 фенинзи кои ќе бидат исплаќани во натура. Фактот што од 100 илјадна општина, зборувам за Струмица, 21 илјада домааќинства регистрирани во Управата за јавни приходи работат и се занимаваат со земјоделие, а поврзано со претходно кажаните податоци се наметнува потребата од повторување на последниот заклучок од Информацијата дадена од страна на Собранието на општина Струмица која мислам дека ви е поделена, во која се вели дека ќе бараме одговорност, односно разрешување на ресорниот министер по мене е срамежливо кажано. Спрема состојбата што ја имаме на терен, односно состојбата е таква што и најголемите пишувачи на драма нема да најдат соодветно сценарио. Заради оваа состојба ќе ја искоментирам накратко втората страница од Информацијата за која во целост не можам да прифатам од причина што заради заштитата на домашното производство, односно на раноградинарските производи за 1996 година нема утврдено количини за увоз, односно контингенти дури и забрана за реекспорт за да спротивно на пишаното во стварност се случува и увоз и реекспорт, почнувајќи од краставици, домати, компири, пиперки и бостан. За да не ни се случува,

како што е кажано  во Информацијата раноградинарските производи од оранжериско и пластеничко производство бидат праќани во конзервните фабрики, ќе предложам неколку решенија, но пред тоа ќе констатирам дека во Информацијата недостигаат податоци за увезените производи во времето на забраната на увоз. Овде мислам на инспекциските органи кои не си ја завршија до крај работата во однос на контролата при увозот и при реекспортот на раноградинарските производи.

Чувствувам за потреба да кажам дека барајќи ја оваа информација во ни еден момент не помислив дека Министерството за земјоделие, односно Владата се тие што треба да се претворат во трговска организација, односно да вршат откуп и извоз на раноградинарските производи, туку дека се тие што треба да стоворат амбиент, односно услови за право на извоз и планско производство во аграрот, а потоа со планските мерки, со преструктуирање во производството во општествениот и индивидуалниот сектор.

На крајот ќе предложам неколку заклучоци заради проширување на владината одлука во делот на врзување на увозот на јужно овошје со извоз на јаболко. Примерот кај овие раноградинарски производи да биде врзување на увозот на сувеместнати производи со извоз на домати и краставици.

Обезбедувањето на соодветна премија исто еден од заклучоците да биде обезбедување на соодветна премија за оваа година на предадените количини во конзервните фабрики од оранжериско и фолиско производство. Оваа мерка ја потенцирам од причина што ако се изнајдат можности во моментот за плаќање на уништената стока од лигавка и шап, мислам дека ова се случи поради негрижа на по- одделни луѓе кои го водат Министерството за земјоделие, во тој случај би можеле да се најдат и средства за премирање на ова производство од

оранжериското и пластеничкото производство.

Ако овие мерки не бидат спроведени во дело, моето делување, а претпоставувам и на колегите пратеници од општина Струмица ќе биде ограничено и без респект помеѓу граѓаните. Од тие причини го поддржувам заклучокот за одговорност на ресорниот министер дадено во Информацијата од Собранието на општина Струмица, во спротивно ќе мора и јас лично да размислам за моето идно делување во работата на Парламентот. Ова од причина што повеќе луѓето кои работат на земјоделие конкретно во Струмица, се тие во моментот што се активирани во производство на втори култури во однос на засејување на краставици - корнишони, зелка и праз. Ги спомнувам овие култури заради поведување на сметка за идниот пласман на овие производи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Трајков ве молам овие предлог - заклучоци што ги давате формулирајте ги во писмена форма за да можат и пратениците да се произнесат по нив.

III/1.- ПЈ/ЉР

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Горги Атанасов.

**ЃОРШИ АТАНАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, имам една забелешка, што токму по расправата за оваа точка немаме претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостпанаство. Мислам дека ова прашање конечно заслужува далеку посериозен третман и од Министерството, и од Влада и од овој Парламент. Мислам дека бесмислено е да се дискутира дали Информацијата е задоцнета или не, бидејќи епилогот е јасен и годинава раноградинарското производство посебно во индивидуалниот сектор ќе остане на нивите. Но, битно е да се каже дека оваа Информација ја постигна својата цел, со тоа што најпосле благодарение на истата се слушна дека во оваа држава освен тутунот и пченицата постојат и раноградинарски производи. Производи кои упорно без никаква добивка ги произведуваат луѓе претежно во индивидуалниот сектор, луѓе кои убедливо без конкуренција го носат приматот на загубари, кои водат борба за егзистенција ги принудува да инвестираат во нешто неизвесно, во нешто што одма пред носи загуба. И за чудо тоа посебно сакам да го нагласам, тие луѓе никогаш досега не направија штрајк и не блокираат пат, дури и годинава кога се соочуваат со ситуацијата од добивката да не можат да ги плат пресметките за наводнување, а камо ли семето и ѓубрето, а за трудот и да не зборувам, бидејќи тој воопшто и никогаш не бил калкулиран во нивната цена. Мора да бидеме реални и да кажеме дека проблеми со пласманот имаше и порано кога немаше царини, кога немаше транспортни проблеми, кога немаше санкции и сл. и порано во шпицовите пропаѓаат огромни количини на раноградинарски производи.

III/2.-

Меѓутоа сега во овие услови сега конечно дојде до израз безизлезноста на оваа ситуација,дури и кога податоците зборуваат радикално намалување на количините на овие производи. Така, да спомнам дека на пример во Гевгелија во 1990 година се произведени 30.000 тони домати а во 1996 година само 10.000 тони домати. Во 1990 година се произведени 3.000 тони компир, а во 1996 година 2.000 тони. Значи за 50% помалку, а сепак пласманот е никаков. И покрај тоа што не постои очигледно интерес кан парламентарците за ова прашање, јас сепак ќе ги нагласам причините, кои што доведоа до овие состојби.

Прва, и според мене најголема и најобјективна причина е затворањето ан поранешните пазари пропаѓањето на земјоделските задруги и комбинати што се бавеа со откуп и и пласман и раскинувањето на кооперативните односи со индивидуалните земјоделци.

Второ, неконкурентноста на овие производи предизвикана, пред се, од високите цени на репроматеријалите, ѓубре, најлон, тука спага и високата цена на водата за наводнување на кој им се додаваат и високите царини и големите транспортни трошоци, а јас би нагласил дека тука мора да се спомене и квалитетот и асротиманот на овие производи.

Трето, неконтролираниот увоз на семенски материјал кој предизвикува стихијно производство.,

Четврто, мислам е неадекватниот третман на овие производи од страна на Владата и посебно на ресорното минситерство и покај забраната на нашите пазари, можеа да се најдат увезени раноградинарски производи како и незастапеноста на раноградинарските производи при вршењето на компензационите работи со странство.

III/3.-

Мерките кои што ги предлагам, а кои што кореспондираат со скромните заклучоци од Информацијата се следните:

Прво, мислам дека дефинитивно треба некој јавно да им каже, мислам дека нема кој друг освен министерот за земјоделство на земјоделците дека класичните форми на откуп и пласман на раноградинарсктие производи се минато свршено време, исто како и можноста од нив да се заработува како порано. Дали Министерството, дали Владата дали Комората која недозволено периферно го третира овој проблем дали индивидуалните земјоделци треба да иницираат и да се организираат во нови форми аналогно на класичните конзорциуми преку кои ќе се има организиран приод кон производството и пласманот. Според мене, најдобра форма за тоа е спорот меѓу оранжерисктоо производство и платеничкото производство односно спојот на организираниот дел и спојот на индивидуалниот сектор каде што, сепак, мислам дека тоа е доста неорганизирано, би претставувала најдобра форма преку која што ќе може да се програмира, прво, количината, потоа да се обезбеди квалитет и нормално да се обезбеди пласман на овие производи.

Втора мерка која што мислам дека и досега беше застапена, а која што неопходно е да биде присутно и во иднина, Владата како и досега со одлука да забранува увоз на раноградинарски производи кога тие стасуваат кај нас, но и да обезбеди механизми за нејзино спроведување.

Трето, да се обезбеди поголема стимулација за откупните фирми кои вршат извоз, а исто така раноградинарските производи во периодот мај - септември да бидат вклучени во компензационите работи со странство. Сметам дека досегашната стимулација од 5% недоволно ги стимулира фирмите да вршат извоз во едни такви недефинирани услови.

III/4.-

Четврто, да се регулира и да се обезбеди поголема контрола на увоз и начинот на продажбата на семенскиот материјал, кој според мене е главен генератор на овие состојби.

Петто, тоа беше и еден предлог од страна на претходниот дискутант за надминување на сегашната состојба, а и за во иднина мислам дека Владата треба да воведе премија за раноградинарските производи кои ќе бидат прифатени во преработувачките капацитети. Само така ќе се ублажи проблемот, а нема да се ублажи проблемот доколку овие раноградианрски производи бидат прифатени во преработувачките капацитети. бидејќи еден правен субјект, ниеден индивидуален земјоделец не сади раноградинарски производи за да ги даде во преработувачки капацитет. Наспроти сметам дека доколку Владата на Предлог на Министерството обезбеди премија,бидејќи сега патлиџаните се откупуваат за 10 фелинга, па се плака уште 10 фелинга премија има огромно задоволство кај луѓето и тоа ќе биде конкретен чекор во оваа држава дека оваа Влада води сметка аз земјоделецот.

Во силните програми кои што ги има во Буџетот на РМ а посебно во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водсотоапснтво, мислам дека има доволно простор да се обезбедат околу 100-тина милиони денари, кои што навистина би го ублажиле овој проблем.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Г-дин Димов Лазар има збор.

**ДИМОВ ЛАЗАР:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

И покрај тоа што оваа Информација со оглед на времето касни, бидејќи од неа за оваа сезона многу последици не можат да произлезат, сепак

ние како Собрание и те како треба да се позанимаваме со проблемот на земјоделството, при што треба навистина да се осврнеме на оние работи на кои што можеме ако Собрание да делуваме, а воедно со тоа и Владата да ја потсетиме на оние фактори на кои таа може да делува. Овде во претходните дискусии беа напоменувани многу работи од едукации ја на земјоделците како да произведуваат, како да се организираат итн., до премии до премии, до заштити и други работи, јас лично сметам дека ние треба да се осврнеме на најбитните работи, со кои можеме да влијаеме на развојот на земјоделството.

Имено, повеќе е од јасно дека нашето земјоделство во сферата на градинарството и лозарството, со целиот негов капацитет е толку големо што нашиот македонски пазар сигурно го задоволува со 10% или помалку до 10% производство. Ако е веќе тоа така, имаме две работи на кои што, ако Парламент можеме да влијаеме.

Првата работа е Владата  да ја работи онаа работа за која што е и задолжена да создава услови за слободен проток на роба надвор, односно на оние пазари каде што таа роба се продавала.

Втора работа, со заштита, преку царините и контингентите обезбедува еден нормален развој и преживување на оваа дејност. Јас лично сметам без разлика на сите објективни тешкотии во односите со оние пазари на кои што ние продававме, сметам дека Владата дека тоа не е само Министерството за земјоделство туку тоа е мулти - минситерска работа, нема многу направено овие пазари да ги ослободи. Имено, две работи се. Протокот на роба со царини, без царини и самиот проток на роба на северната наша граница. Мислам дека ова не е е интересно за пратениците, сигурно аз земјоделците е поинтересно тие ке ги произведуваат производите, ние не можеме да ги слушаме сметам дека без разлика на големите и вишите политики кои за жал, овој

Парламент, не ги ни слушнавме кои се тие виши политики, што е проблемот, зошто према северната граница токму заради овие земјоделски производи овие наши царински односи, кои се тие причини да не можат да се ублажат тие односи. Кои се причините што немаме платен промет со север. Мислам дека овој Парламент е должен да знае не само што треба, туку е должен да знае, која е таа регионална, неоригинална политика итн., се изнаслушавме многу работи, но сметам дека такви се проблемите и состојбите што оваа наша област ова земјоделство по кое што е и те како голема релаксација во оваа така наречена транзиција и ако таму не направиме чекор таа релаксација да добие во свој значај, ние немаме поважни работи кои да ги раправаме тука. Јас лично, забелешка или барање од Владата да видиме колку може да наштети надворешната наша политика ова наше отворање спрема север4 на планот на царините.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави г-дин Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Како што е евидентно од пријавените дискутанти залагање и предлагање мерки по оваа Информација застапуваат пратениците од земјоделските општини од Струмица,Гевгелија,Неготино, Кавадарци убедувањето е дека кај сите претходни дискутанти, а тоа е поместено и во содржината на Информацијата од Министерството за земјоделство, дека со воаа Информација многу се доцни, така што евентуални ефекти од раправањето по неа и заземањето на непосредни конкретни мерки некој резултат и ефектуирање од Ова раправање на ова многу важно

прашање, пред се за гореспоматните земјоделски општини кои ги кажав мислам дека ќе отсуствува. Земјоделците велат дека непотребно е Владата посвестум да се ангажир за санирање на состојбите од непогодаите, од елементарните непогоди. Поголема елементарна непогода од неорганизиран пласман, како3што беше во оваа 1996 година, земјоделците не можеше да ги фати. Таук епицентарот е евидентен, тоа е Гевгелија, Струмица, со чувство на последици Валандово, Неготино,. Кавадарци итн. Веќе шеста година на овие земјоделски површини кои што произведуваат раноградианрско производство "се организира потполно хаотично производство на раноградинарски производи". Почнувајќи од никакво државно регулирање на ова производство преку хаотичната набавка на стотици сорти семенски материјал и заштитни средства, се поголемиот број на трговци и шверцери на семенскиот материјал, никакво насочување на земјоделците за некаков порамномерен и организиран пласман на готовите производи, кои скапуваат на нивите или завршуваат како евтина суровина за преработувачките капацитети, кои наводно ги спасуваат раноградинарските производители за чие производство се даваат девизи, а не носат никаков девизен прилив, а можат.

Природно географските и производните ресурси и ја подариле можноста на оваа земјоделска држава, особено на овие земјоделски реони да произведуваат еколошки здрави плодови, но како да донесат девизи кога за состојбите и проблемите се бара решение во средината на бербата, а за некои производи, кои за жал ен станаа трговска стока по завршувањето на реколтата. Ако крајната цел на секое производство е продажба, тогаш за раноградинарските производи можеме да кажеме дека имаме хиперпродукција. Но, ако ова производство е наменето само за македонскиот пазар, што не би требало да биде така, бидејќи раноградинарските производи се барани и на Западно европските, а и

на Источно Европските пазари каре што можеме и подобро ќе поминеме со продажба на храна од ваков вид. Меѓутоа, неорганизираниот пласман и откуп на овие производи не е 1:во состојба девизно да го ефектуира ова производство. Откуп како грим значи некој да го преземе целокупното производство да го пласира организирано, договорено или со заштитни минимални односно максимални цени. Бидејќи нема откупна цена, на сцена стапуваат чистите купопродажни односи, каде што трговците од Кванташкиот пазар или малите трговци од овие подрачја ги купуваат раноградинарските производи од око по камион за смешни цени од 3 до 4 денари за килограм, за веднаш на истиот пазар ги продадат на увозникот од СРЈ по цена од 7-8 денари. Значи, Кванташки пазар како единствена полудива берза на земјоделски производи е единствено штетна за производителите. Бидејќи нема откуп или слично во овие региони може да се видат камиони, шлепери со Бугарска или Албанска регистрација каде што директно од нива вршат откуп за багателни цени, бидејќи друга алтернатива на земјоделците и не им останува да скапата производите на нива.

Апсолутно точна е вистината дека оваа хиперпродукција за домашен пазар беше хиперпродукција за поранешните ЈУ пазари, па нормално е во сите преговори со бившите ЈУ републики да се најде место за некакво пласирање на овие раноградинарски производи, за кои ЈУ пазарот има навика за трошење што требало, а и мора да преземе државата за промена на ваквата состојба.

Заради спас или девизно ефектуирање на сите овде спомнати претходно количини кои годишно во реколтите се произведуваат на раноградинарски производи за одржување на простата и обезбедување на проширената репродукција, државата мора да преземе соодветни мерки за да може да се осознае амбиентот на производството, да се стимулира

III/9.-

производството и мотивира животот на село. А тоа е следното. Регресирање на семенскиот материјал. Вештачки ѓубрива, заштитни средства, нафта, вода за наводнување и д?руги влезни трошоци. Објаснување: Во многу современи светски земјоделски ресурси каде што ова производов не може да се замисли без регресирање на истото, ние за разлика од нив не одвојуваме ни денар, за регресирање на ова производство.

Второ, премирање и дотирање на производството. Објаснување И покрај тоа што не се работи за стратешки земјоделски производ неопходно е да се дотира ова ранограниданрско производство од едноставна причина. Ако овие производители станат лица за социјална помош или одат под стечај, стечајни работници, државата мора да им исплати социјална помош. Логично е да се премира производството тие да продолжат да репродуцираат да создаваат производ на пазарот конкретно да бидат конкурентно способни за извоз.

Сето Јужно овошје во соседна Грција, на пример, не е стратешки производ, а сепак се премира секој производ, произведен килограм портокал, мимон и слично.

Трето, врзување на увозот на некои производи или група производи, семе, вештачко ѓубриво, нафта, цели увознички контигенти или увоз од одредени држави со извозот на раноградинарските производи.

IV/1.-JJ/OM

**ПАНЧЕ МИНОВ:** (Продолжение)

Особено треба да се има предвид ниската доходовнсот на некои производи, банани и нафта, семенски материјал, јужно овошје или на самите раноградинарски производи во периодот од годината кога кај нас ги нема во доволна количина. Невозможно е да постои врзан увоз само за свежите јаболка. Оваа листа од еден реден број мора да се зголеми со овие производи за да можат овие земјоделци, не само овоштарите да преживеат. Значи тука задолжително би требало листата да се прошири како за производите раноградинарски, тоа исто важи и за грозјето и т.н.

Четврто кредитирање и финансирање на раноградинарското производство. Неопходно е обезбедување на бескаматни наменски кредитни за кредитирање на раноградинарските производи, но кредити без слики, без проекти и елаборати што ги изработуваат самите кредито-давачи, а за нив наплаќаат 3 до 5% од вредноста на кредитот. Технологијата и постапката за добивање на кредити за раноградинарско производство треба да ги бара самиот земјоделец, дома или на нива,. а не сам да бара органи и организации на кои дури ни името не им го слушнал. Нема ли потреба државата да треба да го пронајде и да го заштити и да го направи апсолвентен граѓанинот и производителот, земјоделец.

Петто, учество на државата во отворањето и освојувањето на нови пазари и промена на царинскиот и даночниот систем, државата особено ресорните министерства се должни во интерес на своите стопански субјекти континуирано да бараат нови пазари, каде што секој увоз од одредени земји за група производи го врзуваат со извоз на овие раноградинарски производи. Во сите билатерални договори особено со Средна и со Источна Европа да се бараат државни компензации за

наплата со нивните производи нафта, железо, хемикалии и опрема. Овој некаков витклиринг не можат да го направат нашите ситни трговци или пропаднати земјоделско - индустриски комбинати, туку единствено државата преку надлежното ресорно Министерство.

Укинување на сите царини и даноци и репроматеријали наменети за ова производство. Сите земјоделски машини,трактори, системи кап по кап и стаклени конструкции мора:да се ослободат од сите државни давачки за да може производството да биде конкурентно на европскиот пазар.

Шесто неопходна е студија за целокупното земјоделско производство и пласман за произведеното земјоделско производство, бидејќи после раноградинарското производство доаѓаат житариците, грозјето, јаболката и т.н. Да не ни се случи во шестата година досегашната пракса што досега ја имаме што ја констатиравме веќе еднаш дека на мината рекол- та или на средина на бербата да се расправа без една студиозност, пред се од Министерството за земјоделство за соодветното земјоделско производство и за соодветниот пласман на земјоделски производи, како што доаѓаат во текот на сезоната. Да не ен снајде истата судбина со грозјето и со другите производи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, кога се утврдуваше дневниот ред за 4 9-тг седница јас и пратеникот Ристо Трајков од Струмица побаравме Владата за оваа седница да подготви три аграрни информации. Ристо бараше ова што денеска го расправаме за откупот и пласманот на раноградинарските култури, а јас барав Владата да подготви две куси

информации околу прашањето со исплатата на ланскиот тутун бидејќи бербата на тутунот од ова производство е во полн ек, И една информација во врска со , престојаната жетва на лебното жито, односно побарав Владата да каже. како и на кој начин се решава проблемот со откупот, прифаќањето и исплатата на пченицата.

Меѓутоа, со оглед што овој Парламент најголемиот дел на пратениците се од Скопје, а Скопје не го интересира ни за тутун ни за пченица и другик ултури, двете информации не најдоа поддршка. Тоа не е чудно. Меѓутоа, ме чуди како пратениците од Пелагонија не дадоа согласност да се расправа за двете култури пченицата и тутунот, две култури што најмногу се произведуваат под ова поднебје.

Јас денеска на седницата што ќе се одржи ќе побарам уште еднаш да се достави таква информација во врска со откупот на лебното жито за да не дојдеме во ситуација за откупот и исплатата на пченицата да расправаме тогаш кога таа ќе се сее. Инаку е добро што денеска се расправа за откупот и пласманот на градинарските култури. Според мене подобро ќе беше ако ова прашање се најдеше н адневен ред во Собранието многу порано, пред почетокот на откупот, а денеска како што слушнавме, колегите од овие делови на нашава држава, цело производство пропаѓа пред сите, плачат земјоделците не само за трудот што го вложиле, туку и за парите што ги вложија и остануваат на работ на егзистенција. Тогаш сигурно градинарите ќе се надеваа на некаква помош и правда од државата на овој план.

Јас во целост ги поддржувам барањата и предлозите на пратениците од нашите градинарски региони. Се разбира ако денеска има некој кој да ги слушне, меѓутоа, изгледа нема кој да ги слушне. За

жал и новиот министер денеска го нема меѓу нас, а знаеше дека е на дневен ред една таква информација.

Овие проблеми Струмица, Гевгелија, Валандово што се присутни кај нив годинава сигурно ќе бидат присутни и во Пелагонија. меѓутоа, Пелагонија има друго градинарско доцно производство. Изгледа неговата судбина и годинава ќе ја доживее судбината на браќата од Источна

Македонија. Прво во Пелагонија се посадени огромни површини со таканаречено доцно градинарско производство. Никогаш немало толку посадено површини со домати, пиперки и други градинарски култури. Овие култури засега добро напредуваат. Меѓутоа, она што сега се случува со пласманот на градинарските производи во Источна Македонија носи голема загриженост и меѓу земјоделците во Пелагонија. И тие не знаат за кого произведуваат и на кого ќе со дадат тоа производство. Дали некој ќе го откупи и на време ќе го испрати, или ќе се случи она што се случува и денес со нив.

Ако за раноградинарските култури доцнат излезните решенија мислам дека за доцното градинарско производство мора уште сега да се размислува. Мора од сега да се бараат решенија за откупот на индустриските домати, пиперки, кромидот, компирот и др. што се посадени не само во Пелагонија туку и во Државата. На овој план излезот е јасен. Треба да се бара со нашата огромна преработувачка индустрија а тоа беа градинарски и овошни производи. Имаме доволно фабрики за преработка на овие култури. Во нив можат да се преработат, според некои сознанија околу 60 милиони килограми готови производи. Ајде да чуеме нешто од претставниците на Владата, што мислат тие за тоа како се подготвени овие фабрики за прифаќање и престојниот откуп на доцното градинарско производство. Како се користат овие фабрички капацитети? Ако не се користат, зошто не се користат. Немаат ли

парични средства за одржување машините за реализација на откупот на примарното производство или пак тешко оди со извозот на готовите производи што минатата година беа произведени . На овие прашања одговорот треба да се бара сега, а не кога ќе притиснат откупните и продажните проблеми, па тогаш да дискутираме дали на овие фабрики требаше да им се помогне или не.

Инаку, јасно е како ден дека фабриките за преработка на зелен чукот и овоштието подолго времето ги тресе беспарицата за организирање на нивната работа. Мислам дека државата може да изнајде сили да помогне Со мала помош не само што ќе им се помогне на индустриските производители и на земјоделците туку ќе си помогне и самата држава. меѓутоа со невиден труд на градинарите и земјоделците може да се добијат добри девизи за нашето сиромашно стопанство.

Македонските преработки од зеленчукот, полека но со сигурност чекори ги освојуваат пазарите на Европа. Носат девизи мислам дека време е да се размисли околу индустријата што врши финализација на овие производи.

Пратеникот Ристо Трајков најави дека доколку не се преземат некои мерки за решавање на проблемот со раноградинарските култури од неговото подрачје ќе размисли дали ќе учествува во работата на овој Парламент. Јас мислам дека Ристо Трајков не треба вака да размислува зашто ако не е тој и уште некој друг кој ќе ги постави актуелните проблеми пред овој Парламент.

**ТИТО ПЕТКОВСИ:**

Има збор пратеникот Џамбазовски.

IV/6.-

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Г-дин претседателе, г^дини пратеници, г-дини министри, сигурен сум дека се ова што беше досега кажано за пласманот на рано-градинарските култури и она што ќе го кажам јас, ако не и некој друг нешто каже по оваа проблематика, сигурен сум дека тоа Владата го знае и сигурен сум дека и таа размислува за тоа. Меѓутоа, мора да признаеме дека за сите овие работи има објективни причини зошто е таков пласманот на земјоделското производство.

Нам, на сите , а можеби и на повеќе им е познато дека во светот односно во развиените земји не е во прашање дали може да се произведе и колку може да се произведе туку најголем проблем е како може да се пласира. Јас само ќе Ви кажам една изјава на еден заменик министер од Америка кој вели дека можеме да произведеме харан аза цел свет, ама нема каде и не можеме да ја пласираме, односно нема кој тоа да го плати. Затоа правиме програма како помалку да произведуваме. Јас не мислам дека ние треба да правиме програма како РМ како помалку да произведуваме, туку треба да правиме програми како по програмирано односно да изнајдеме начин да произведуваме такво производство во таков временски период како можеме тоа полесно да го пласираме. Пласманот е најтешкиот дел во целокупното производство за секој производ па во рамките на ова и за оваа програма за која ние денеска зборуваме.

Причините зошто тешко се пласира раноградинарското производство, на сите ни се познати, а јас ќе спомнам само две, а ги има многу повеќе главни причини поради кои е отежнато раноградинарското производство и пласманот е губењето на пазарите каде се пласираше главно во Србија 70 %, а другите 30% во Македонија и во другите бивши републики. Што значи дека ние изгубивме еден голем пазар за градинар-ските култури.

IV/7.-

Втората причина е што се откажаа сите оние организации кои што се занимаваа со пласман на раноградинарското производство, а мораме да признаеме дека тие и добро егзистираа од пласманот на тоа производство. Поради тие причини е откажаа и имаме многу мал број на организации и скоро да немате организација што ќе сака да се занимава со пласман на раноградинарско производство. Има и повеќе причини дека раноградинарското производство бара брз пласман тоа е расиплива стока не трпи транспорт итн. Меѓутоа ние мора да се залагаме за друг начин на приодот на производството. Ние мора да се залагаме за едно програмирано производство, не само кај раноградинарските култури туку и кај другите култури. Меѓутоа сметам дека и кај раноградинарското производство постои нај изразито оваа работа. Мора да знаеме какви сорти домати ќе семе и да земеме такви сорти какви бара светскиот пазар, бидејќи сите знаеме дека нашето производство и покрај тоа што е многу помало од пред пет години не можеме да го пласираме на домашниот пазар и мора да бараме излез надвор од државата, што значи мора да бараме типови на сорти кои што можат полесно да поминат на странскиот пазар. С"о оглед на тоа што имаме огромна конкуренција од земји кои што имаат далеку поголема традиција на раноградинарско производство од нас, а која земете Холандија и други земји од кои што ние се научивме како се произведува оранжериско производство, пластеничко производство и т.н. Така мора да се носиме со тие светски трендови на производство и да произведуваме на подолг период време за да можеме по лесно и во подол период да имаме такво производство и што подолг период такво производство да има уедначена цена. Инаку вакво стих производство многу тешко ќе го пласираме и не знам какви трговци ме ќе ни оди потешко оваа работа.

IV/8.-

Мораме да признаеме дека имаме скапо раноградинарско производство. не велам скапо денеска,што се продава на пазарот, тоа е многу евтино. Тоа е скапо производство кога би се сметало колку е вистинската цена на чинењето на тој производ, затоа што имаме голем диспаритет на цени во однос на репроматеријали и пласман на доматното производство. Се уште имаме скапи пестициди, скапи вештачки ѓубрињa, скапи други услуги , пакување и т.н., за онаа цена што сакаме да ја постигнеме во Европа и Светот. Европа и Светот произведуваат далеку поевтино производство од нашето и нашето тешко ќе го пласираме во такви услови.

Јас секогаш кога слушам дека треба да се кредитира земјоделското производство и сл. морам да признам дека е среќа што овие земјоделци не зеле кредити. Зошто ако зеле и кредити не знам како ќе ги вратеа. Ќе ги ставевме во уште потешка ситуација. Се додека не обезбедиме комплетно производство и пласман, дури тогаш можеме да се залагаме да има евтини кредити, да има кредитирање на земјоделското производство,т,oј што зема кредит да има сигурност за пласманот што е' го пласира и др., а мораме да создадеме и сигурност кај земјоделците за да не ги натераме земјоделците да земаат кредит за нешто со што ќе одат во неизвесност и не ќе знаат дали тоа ќе можат да го повратат и ќе го пласираат своето производство или не.

Постојат многу капацитети за преработка на раноградинарското производство, меѓутоа мораме да признаеме дека доколку раноградинар-ското производство се даде сега да се преработува во преработувачките капацитети, тоа е многу скапа работа. Тоа не е исплатлива работа и не верувам дека некоја фабрика ќе се нафати да го преработува ова производство бидејќи овие сорти што се произведуваат во пластеници

односно во аранжери не ја даваат таа количина, таа маса на преработен производ кој ќе одговара на цената на оној производ што треба да се пласира како преработен и т.н. Тоа се преработувачки капацитети наменети за производство што е подоцнежно, од отворено поле.

Сметам дека целата насока треба да биде свртена, не мислам денеска,за денеска многу тешко ќе го решиме проблемот, меѓутоа за во иднина мора да имаме краткорочни и долгорочни мерки околу пласманот не само на раноградинарското производство туку и на други производи, да изнаоѓаме форми и начини и ние како Собрание да се залагаме да се донесат закони за здружување на земјоделците ка<ко би можеле тоа сами да го прават двајца или десет производители, дали тоа ќе биде во форма на задруга или друг вид на организирање, самите да се здружат и да влијаат врз цената на своето производство и сами да можат да го пласираат своето производство. Само така ќе можеме полесно да го решаваме проблемот на пласманот на производството.

Јас знам дека е најлесно да бараме од Владата да ни одобрува премии, регрес и т.н. Можеби е добро да одобрува регреси за квалитетен семенски материјал за да може да ги натераме луѓето да сејат квалитетен сортни семиња кои ќе даваат далеку подобар квалитет и повисоки приноси Меѓутоа не верувам дека оваа држава може да издржи да дава премии за градинарско производство, не знам и за грозје и се кои други производи. Ако за сите се дава, не знам од каде би се нашле сите тие средства да може да се прелеат во земјоделството. И покрај тоа што сум земјоделец јас лично сакам да има, меѓутоа ако мораме да погледнеме реално на состојбите, да насочиме, со оглед на регресите на репроматеријалите помали средства што може да се обезбедат, отколку да даваме премии за готови производи, бидејќи тоа ќе можеме тешко како држава да го обезбедиме.

V/1/CJ/лј

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ**: (продолжение)

Многу малку посветуваме на оние мерки кои можат со помалку средства или без средства да се направат. Мислам дека тука треба да ја насочиме главната поента да можеме полесно да го решаваме овој проблем и во иднина.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри и останати присутни на оваа седница.

Денеска имаме многу важна точка на дневен ред, но веднаш да кажам дека точката за која што расправаме, неколку пратеници дискутираа, сигурно дека нема да :ги решиме проблемите кои што се поставени со информацијата односно кои што се сметаат,односно за кој се бара решение. Мислам дека основно е кога зборуваме за оваа информација и за проблемот, за пласманот на раноградинарските култури и покрај тоа што Комисијата за земјоделство расправаше и утврди одредени заклучоци, јас мислам дека основен заклучок по однос на ова прашање треба да ни биде нашата активност односно заложбите што треба да ги правиме во иднина во однос на поддршка на земјоделското производство целосно, а посебно на раноградинарското производство.

Велам посебно заложбите заради тоа што од информацијата лесно може да се види дека во Македонија има капацитети за преработка на зеленчук, а уште пожалосно е ако утврдуваме, констатираме дека она производство што не може да се продаде на пазар, раноградинарско производство ќе се преработува во преработувачките капацитети низ Републиката. Мислам дека тоа е за голема жал. Заради тоа што такво производство не би смеело да оди во нашите преработувачки капацитети. Тоа производство во никој случај не е исто како и редовното производство, производство кое што се обезбедува на отворен простор и заради тоа таквото производство е скапо производство.

V/2.-

Јас мислам дека тоа што треба да го правиме е тоа ние да го поддржуваме ова производство, меѓутоа програмирано. Најпрво програмирано треба да се програмира 'к производството не навлегувајќи во тоа дека треба да се сеат такви и такви сорти бидејќи за тоа во никој случај не би смеело да стане збор, затоа што за кого се произведува, се произведува за пазар, а кога произведуваш за пазар треба да произведуваш она што бара пазарот, а не она што не бара пазарот. Според тоа, ако има так: случаи некој да произведува она што сака тој, а нешто сака пазарот тоа е промашено се, не може во никој случај да стане збор за одредено производство наменето за пазарот.

Јас мислам дека мерките на поддршка што треба да ги дадеме треба да бидат усмерени, и нема Да биде новатор, нема да бидеме оној кој што ќе ги спомнам за прв пат, тоа се познати мерки во целиот свет особено во развиениот' запад. Сум го кажал тоа порано, а и сега ќе го повторам, уште во 1965 година Америка за поддржување на земјоделското производство даваше премии, регреси во висина од 5 милијарди долари. Зошто? Заради тоа што со таквото производство се бавеа во земјоделството директно и оние што ги преработуваа односно ги припремат земјоделските производи за пазар 5 и уште 25, вкупно 30% од работно активното население во САД. Според тоа, тука треба да бидат нашите заложби. (реакции на некои пратеници во салата) Точно е, точно е, можеме да расправаме за тоа, ќе ви покажам со податоци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, добро, продолжете.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Денеска ние кога сме во состојба да ни се вршат обратни процеси од она што беше до 80 година кога работниците бегаа од земјоделие во индустрија а сега имаме стечаи, познато е дека луѓето бараат егзистенција и одат во земјоделие, единствено таму можат полесно да дојдат така да речам до обезбедување на извесна егзистенција, велам

V/3.-

извесна оти не е тоа што беше н^когаш и во таа смисла ние треба да ги подржуваме регресите и премиите1 Премиите во кој смисол? Во смисол на тоа да обезбедуваме производство која што ни е потребно за нашата индустрија. Не премии да даваме за она што не сме заинтересирани. Имаме доста производи кои ги увезуваме од странство, тоа можеме да го напра- виме во земјата. Познато е колку може сончогледот да даде производство. Не можеме ние да ги зголемиме ти приноси од 25 односно 3 0 метрички центи или 3000 кгр. по хектар на б. Тоа е апсурд. Станува збор за просечни, поединечни можеби, меѓутоа ако ние премирани такво производство може да ги имаме тие производи на поголеми површини и во тој случај ќе имаме сопствено производство, нема да бидеме толку зависни од страна. Тука има и еден многу важен аспект, а тоа е аспектот на вработување и можеме дури, јас сум предлагал и порано и овие помошти што се даваат преку социјалните програми одредена сума на пари од тие социјални програми да оди на оваа позиција.

Додека Македонија беше во состав на СФРЈ познато беше за производителите на тутун односно оние кои што се бавеа со производство на тутун своевремено добиваа и детски додаток и одредени други бенефиции уживаа. И детски додаток и други бенефиции. Значи, имаше интерес за такво производство, нешто слично сега се случува, нешто помалку според оние сознанија што ги имам со тутунопроизводството иако реколтата за 1996 година веќе бега , не може тука нешто повеќе да се направи, но може да се направи за следната 1997 година.

Посебно е прашањето кое што и порано сум го спомнал, а сега ќе го повторам, тоа е прашањето за обезбедување на пазарот. Се кажа податоци, има во информацијата, а се кажаа и на други места податоци за тоа колку сме ги изгубиле пазарите. Посебна заложба, нешто е направено колку што имам сознанија она со Словенија, може би ќе треба тоа да се усоврши тоа со Словенија, ми се чини дека Грозјето односно виното се уште не е решено целосно, но ќе треба со соседите, односно

со Западна Европа да направиме се да добиеме пазари. Јас ќе повторам уште една работа дека нив не ни се потребни толку колку што зборуваме кредити колку ни се потребни пазари. Пари ни стојат под перници, меѓутоа производството не Мажеме да го развиеме заради немање на пазари.

Ние, ако се сеќавате, кога го усвојувавме буџетот имаме позиција во буџетот, активирање на земјоделската берза. Тоа е прашање кој исто така треба да најде потрча и ние да се научиме да работиме . Нефункиционирањето на берзата исто така претставува проблем. Сигурно веднаш со функционирањето на берзата нема да ни се решат проблемите, меѓутоа полека ќе се вклопиме да обезбедуваме производство кое одговара на квалитетот, што го бара запад. Инаку, вака како што го нудиме чест на исклучоците се уште не обезбедуваме производство кое е интерес за пазарот. Според тоа, нашата заложба треба да биде и функционирањето односно активирањето на земјоделската берза.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, драги пратеници, немав намера да дискутирам по однос на оваа информација, меѓутоа, сакам донекаде да кажам нешто, да се доближиме до вистината. Сите сме свесни дека со промена на системот наш, во капиталистички систем, автоматски сите други одредени работи кои што се јавуваат се пореметуваат. Вие знаете дека реализацијата како на раноградинарското исто така и на другото градинарско со уништувањето на земјоделските задруги кои сакале или не сакале посебно во стручниот дел каде што ги имаше преку 50 до 60 основниот товар во однос на раноградинарските производи паѓаше на нив. Меѓутоа, со одењето во стечај на сите други задруги, а во Македонија ги имаше многу автоматски се наметна без разлика колку границите да биле затворени или не пласманот на раноградинарската.

V/5.-

Ние, без разлика што пред една година дискутиравме било Комисија или слично зошто е дозволен контингент на домати или на ред други работи, еве сега се е запрено, меѓутоа градинарството пак не ни оди. Во однос на заштитата, на сите земјоделски производи, еве и сега царинскиот тарифник што ќе го гледаме, што имаме ставено да заштитиме, ако ние не обезбедиме пласман, мислам дека и тоа прашање и понатаму ќе биде уште повеќе изострено. Еве јас сум еден од тие што имаме фабрика за преработка на овошје и зеленчук. Не можеме да се поплачеме дека државата не ни помага. Ни помага, меѓутоа сфатете дека ние земјоделците сме многу сиромаси. Колку да сака да помага мислам дека не може да се обезбеди еден процес кој почнувајќи од ремонтот на фабриките па завршувајќи со обезбедување на средства за исплата да може да се обезбеди производство кое што се обезбедува било раноградинарство или другото производство да може да се пласира.

Во последната година имаме најави без разлика порано што пласманот кој претежно на рано и касно градинарско се вршеше во сојузна Југославија во Хрватска, во Словенија дури од оваа година веќе имаме најави на,заинтересираност надвор од овие пазари кои што се, како што е Германија, Холандија, Франција, и сл. меѓутоа, имајќи го предвид нашиот маркетинг кој што досега го имавме како Република Македонија нормално е дека одеднаш не можеме да излеземе на овие пазари да бидеме конкуренти во однос на другите кој што тој пазар многу порано го имаат освоено.

Што се однесува во однос на квалитетот на самиот производ сите показатели, податоци кои што пристигнуваат кај нас не убедуваат дека нашиот квалитет од Македонија далеку, далеку е подобар и сл. Затоа мислам дека односно не сакам да речам дека можностите на самата држава односно на министерството да се направат напори, меѓутоа, основно за развојот на селото дали тие задруги што во почетокот би

рекол ќе се викаат приватни задруги, Дали било како, мислам дека основниот товар за помагање за развојот на земјоделците се основа овие. Овој предмет го има и во другите држави многу поразвиени од нас Холандија, Данска, Словенија да не ја спомнуваме каде што исклучиво на тоа задругарство полага во однос на сет земјоделско производство.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, Ќе бидам сосема краток, и би кажал следново: На седницата која што ја имавме при изборот на новата влада неколку пратеници, посебно од источниот дел на нашава држава со име и презиме општо го нападнаа поранешниот министер за стопанство г-динот Ристо Иванов, за еден од главните виновници за состојбата со лошиот пласман на производите односно на раноградинарските производи краставиците, патлиџаните и пиперките. И, тогаш главната вина се бараше во него.

Неколку точки пред оваа, мене ми е драго лично што усвоивме една одлука, формиравме комисија да се испита таа состојба и да се докаже кој е навистина виновен за тоа. Но, од расправата која што овде досега ја слушав, можам да го заклучам следново дека вината за состојбите при откупот на раноградинарските култури не лежи во поединец туку лежи во системското решавање од страна на државата. Еве го не постои тој г-дин Иванов како министер, ние од истиот г-дин пратеник кој што толку остро го нападнаа сега имаме остри напади врз следен министер, па врз следниот итн. Што значи ќе се продолжува и понатаму се до оној момент додека Владата не се зафати сериозно системски да го реши ова прашање. Јас слушајќи ги дискусиите се исплашив уште малку некој да не заплаче за распаѓањето на Југославија па да не каже дека единствениот излее е враќањето во таа држава за да се реши прашањето на откупот и пласманот на раноградинарското производство.

Она што посебно медн ме загрижува, ќе повторам уште еднаш, ние, односно постоечкава влада, постоечкиве институции немаат свој план како да го разрешат овој проблем. Јас морам да прочитам само две три реченици од информацијата, "со ангажирањето на преработувачките капацитети во земјата проблемот на пласманот на раноградинарските производи ќе се ублажи". Тешко на тие производители на раноградинарски производи ако чекаат со откупот за преработка на нивните производи да им:се реши проблемот. Јас морам да ви кажам, вас сигурно ви е јасно која е цената која што тие ја постигнуваат при продажбата на раноградинарските производи, која е цената која што ја постигнуваат при откупот во преработувачките капацитети. Јас сум убеден, камо бог да грешам, дека ниеден производител на раноградинарски производи нема да се одлучи да произведува и понатаму патлиџани или пиперки или краставици под пластешаци или под оранжерии да ги продаде за откуп на преработувачките капацитети. Бидете убедени во тоа. Едноставна е причината. Производството нема да ни се исплати, трошоците ќе му бидат многу повисоки од откупната цена која што ќе ја добие. Г-динот Гоко Атанасов овде многу убаво направи споредба, која е цената која се добива при откупот во преработувачктие капацитети. Во заблуда е секој оној кој што мисли дека ќе го ублажи, а камо ли да го разреши проблемот со раноградинарските производи со откуп во преработувачките капацитети.

**СЛОВОДАН НАЈДОВСКИ:** (продолжение)

На крајот би предложил дека Владата, односно ресорното министерство треба да излезе со предлог, затоа што оваа година помина за раноградинарските култури. Проблемот е таков каков што е, маките и проблемите останаа на производителите. Затоа, за да не се случи во иднина тоа, Владата треба уште веднаш, најдоцна до септември, октомври да излезе со предлог што со раноградинарските култури за следната година. Инаку, ова помина, некој си го собра кајмакот, а сигурно тоа не е производителот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Мислам дека земјоделците не размислуваат како претходниот дискутант. Нив не ги интересираат партии, ги интересира валоризација на производството. Од таа причина не прифаќам дека претходниот министер либерал го назначивме единствен кривец при реконструкцијата на Владата. Не беше назначен како кривец во однос на пласманот на производството, туку беше назначен кривец за дозволениот реекспорт на градинарските култури во 1995 година. Имавме информација за тоа кои фирми од страна на Министерството за стопанство спроведоа реекспорт на раноградинарски производи. Значи, нападот не беше упатен на тогашниот министер заради пласманот на производството, туку заради реекспортот на производството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Најдовски бара реплика.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Г-дина Трајков јас се извинувам што вака се обраќам , морам да ви кажам ја потврдивте мојата теза дека пласманот на раноградинарските култури не зависи од поединец ниту од партија.

Јас партии не спомнав. Спомнав министри по име и презиме. Ниту Либерална Партија ниту СДС и во мојата намера никогаш не е да напаѓам партија. Јас кажав дека проблемот на пласманот на раноградинарските култури не зависи од поединец, дали е министер Иванов, Трајков или Најдовски или друг. Зависи од системско решавање на проблемот во државата.

Вие, со самото тоа : ја потврдивте мојата теза и не знам што вие реплицирате и демантиравте од моето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, излегов на говорница само да кажам дека проблемот со раноградинарските производи не е проблем само на Источна Македонија, Струмица и Битола, туку е проблем и на Западна Македонија и на подрачјето на град Скопје.

Многу јасно ви е познато дека некое време токму подрачјето на Скопје беше едно од најпознатите подрачја во бивша Југославија за производство на овие раноградинарски производи и со тие производи таа доминираше низ цела Југославија. За жал, денеска, место тоа, ние имаме селани кои секојдневно плачат над нивните производи затоа што не е обезбеден никаков пазар каде можат да ги пласираат.

Не знам кога последен пат господата министри биле на патот Скопје- Тетово, Ќе видат, една многу ружна слика каде што производите од овие многу вредни производители стојат и скапуваат. Има ли некаква економска логика денеска бостанот да може да се купи за 2 денари или пред неколку месеци јаготката, што и те како беше позната, да може да се купи за 10 или пет денари.

Мислам дека со малку поголемо ангажирање на Владата на РМ, макар и со 5 и 10% од енергијата што ја троши за разрешување на одредени политички и други проблеми би можело да се најде решение за тоа што рече г-дин Ајдарага, првенствено да се најдат пазарите, или да се најде начин да се повратат изгубените пазари. Во спротивно имаме река на млади луѓе кои секојдневно ги напуштаат селата. Моите податоци кажуваат дека почнувајќи од село Сарај и Грчец кои беа најпознати во цела Југославија, денеска не помалку од 200-300 млади луѓе ги напуштаат и одат во миграција. Тие, кутрите бидејќи не се способни за ништо друго освен да работат и произведуваат во полето, остануваат по патиштата на Европа. Не само на Европа. Денеска ги среќавате и на Бит пазар за кои после мора да интервенира и полицијата. Без никаква нивна вина, затоа што тие не можат да ја работат таа работа што многу добро знаат да ја работат, а за која што се докажуваат.

Се зборуваше и одамна се зборува за некоја берза што ќе овозможи на производителите на раноградинарски производи да даде упатства и начини како овие луѓе своите производи полесно да ги пласираат до разните пазари. Од тоа до денеска ништо.

Мислам дека од оваа ситуација ќе мора да се излезе. Што порано тоа подобро. Ќе мора да се направи краткорочна програма со што ќе се интервенира директно во моменталната ситуација создадена во незадоволството создадено кај овие производители.

И, долгорочна стратегија со која оваа стопанска гранка и те како некогаш развиена во Македонија ќе мора да се стави и да го најде своето место што го заслужува. Во спротивно ние ќе останеме во една многу битна гранка во стопанството, земјоделието, што носи добри и свежи девизи ако им овозможиме овие производи да дојдат до пазарите надвор од Републиката.

Јасно е зошто државата не направи повеќе за земјоделците. Јасно е зошто државата толку се ангажираше за загубарите и слични други промашени инвестиции и програми, затоа што тие луѓе кои денеска живеат во градот во спротивно ќе ги имавме на улица. А, селанецот тоа не го прави. Тој , со нокти и со прсти ќе гребе и ќе работи и ќе го цедиме до крај се додека еден ден и нему не му излезе сето.

Јас, уште еднаш апелирам на ова прашање да се обрне поголемо внимание и во иднина Владата да има поголемо чувство за проблемите во земјоделието.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕЕВ:**

Жал ми е што малку задоцнив на почетокот на оваа точка. Немав можност да ги слушнам сите дискусии и забелешки. Меѓутоа, морав да кажам не е моја вина . Некој од пратениците ме видоа, дојдов во 11,00 часот, бев скоро половина час тука , меѓутоа морав да се вратам имав и други обврски.

Проблематиката е позната и мислам дека навистина, во една погрешна конотација во еден погрешен правец сакаме да се обидеме да ги разрешиме работите. Откако јас дојдов, ја слушав дискусијата и ако имаше уште некој дискутант, ќе се добиеше правата слика зошто и што треба да правиме за разлика од првите дискусии кои овде слушнав дека доста жолчност, горчина, отровни стрели исфрли за одредена состојба.

Мислам дека единствената и правата вистина е дека со убави зборови и со декларации проблемите нема да ги решиме. Јас исто така знам многу убаво да зборувам. Да кажам ако вака направиме, ако така

направиме, поделиме стимулации, ако поделиме кредити евтини, ако поделиме премии и тн. сета работа ќе се заврши. Меѓутоа, мислам дека и ова Собрание и овие пратеници им доста позната ориентацијата дека се ориентиравме на пазарен начин на стопанисување, на слободен начин, либерализација на односите во сите домени од стопанскиот живот.

Во досегашниот период тоа многу малку го користиме, многу малку се обидуваме да ги менуваме состојбите. Можам да бидам искрен иако сум релативно нов и во Владата , на ниво на држава, на ниво на организации, на ниво на производители, некои состојби мораме да ги прифатиме такви какви што ги донесе самата промена. Затоа, никој не може да биде одговорен, туку само овие констатации овие мои зборови ме упатуваат на тоа дека треба нешто да оправдаме. Само заради тоа да осознаеме нешто, да го имаме предвид такво какво што е и врз него да градиме стратегија понатаму како да се однесуваме. Инаку, сето ова што е овде напишано, сите повелете, секој поединечно еден по еден дека оваа причина не била непозната. Туку, ние стоевме во место чекајќи некои други поинакви решенија. Или да се вратиме назад десетина години ако е тоа решението, дајте, овој Парламент да расправа и по тоа. Или, агроберзата. Да ве потсетам дека од 300 милиони денари овој Парламент симна 250 милиони и остави само 50 милиони денари што се само за изработка на една студија што треба да покажува таа агроберза. И сега овде повторно ја зборуваме агроберзата ќе реши или не и тн.

Во тој стил немаме шанси ако останеме такви. Зарем можеме да исфрламе толку отровни стрели заради сознанието дека една Југославија или Србија денеска е сосема друга држава, која има свои правила по кои се однесува и со другите држави како што се однесува кон нас. Ние, чекајќи дека ќе добиеме предност итн, го знаевме она што

ја задеси таа држава, беа изолирани од светот доста време. Мислите ли дека тие ги чекаа само нашите производи? Се ориентираа и на други пазари, на други начини да ги обезбедат тие потребни производи и репроматеријали за нив што на некој начин денеска претставува намалување на нашите. Сепак, треба да се организираме, предноста што ја имаме, близината, тоа што нашите производи се таму познати со својот квалитет и со еден подобар аранжман, подобро обликуваше на производите и тн, точност и прецизност во квалитетите што сме ги потврдите таму, мислам дека имаме можности да се вратиме успешно во тој дел. Меѓутоа, сепак со напомена дека тоа ќе бидат услови што значат пазарен начин на однесување, значат либерализација на односите. Сето друго не враќа назад и ако е тоа решение, мислам дека сме во една голема заблуда и проблемите не може да ги разрешиме.

Во секој случај, и покрај оваквите состојби кои на одреден начин доста стојат, мислам не е до крај ни толку фер дека преработувачките капацитети ќе го решат пластеничкото производство. Навистина не е така. Само еден дел и тоа последните количини, Добар дел од тоа производство, ако треба да се потсетиме, тоа производство веќе од мај оди на пазар. Ако беше така денеска требаше да биде целото скапано. Меѓутоа, тоа што преостана, тоа што можеше да не се фрли да го прифатат преработувачките капацитети. Никој не тргнал дека ќе произведуваме во платеници и оранжерии а да го преработуваме во конзервната индустрија. Ниту такви напатсвија ниту подготовки се вршени во таа смисла.

Сепак, да кажам за напорите што Владата ги прави со големи потешкотии. Во разговорите со светските и европските финансиски институции пред се има големи тешкотии за да можеме да донесеме

освежување на средства што ќе значи ориентација на ова што денеска најчесто го констатираме, преориентација, дека статично стоиме во тоа место, чекајќи нешто само од себе да се случи . Само од себе сигурно ништо нема да се случи. Затоа напорите во таа смисла се евидентни. Пречките што стоеја; беа големи и се изгуби предолго време, меѓутоа морам да ги респектирам тие односи. Ние не настанавме од овој период од кога с?е подели Југославија, туку нешто и наследивме. Тоа стоеше како некоја пречка за разрешување на многу проблеми. Мислам дека добар дел од нив се надминати и, ако сакам да бидам преголем оптимист, можеби некои кредити, некои освежувања во оваа смисла што ќе значат структурни промени во нашето земјоделско производство, може уште од есента а најрано на пролет ќе може да ги очекуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Иванов.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Имам чувство дека сите остануваме на своите позиции. Едни зборуваме и кукаме затоа што немаме пазар, други се обидуваме тоа да го оправдаме како резултат на повисока сила. Така се вртиме веќе 4-5 години во кругот.

Ако имаме едно производство, ако во тоа производство се ангажирани голем број луѓе, големи материјални средства, подигнати се објекти, во тоа производство некогаш се создаваше голема материјална база и денеска веќе не е проблем исто да се произведува. Тогаш, проблемот треба да го лоцираме. Тоа е пазарот.

Ако пазарот не можат да го решат граѓаните, тие имаат свои претставници, Владата, има свои министерства, Владата мора сега во билатерални преговори со земјите во кои бевме како снабдувачи да го решава тој проблем.

VI/8

Ако се движите сега кон Југославија ќе видите дека 20 км. има камиони на автопатот. Никој не може да продаде во Југославија. Тоа производство ќе се скапе за два дена колку треба да поминат возилата. Според тоа и утре кога нема да има 20 км. кога ќе бидат и 2 км. Владата мора да го реши со соседните држави, брзиот премин на тоа производство.

Втора работа, ако ние мислиме дека тој наш пазар таму е за тоа производство, не само за тоа, и за голем дел на други производи, тогаш мораме да брзаме да ги воспоставиме тие односи со тие земји на тој пазар. Не би рекол дека само Југославија е пазар за нашето градинарско производство. Тоа е Босна. Во Босна се изменија состојбите. Нашите луѓе и таму не можат да стигнат. Тоа е Хрватска, а нешто и Словенија. Но, на Словенија и дадовме бесцариско работеше, усвоивме спогодба со 1%, од која фајде има само Словенија. Ние во Словенија нешто вино и не знам уште дали пласираме. Еве, рано- градинарското производство не може да стигне до Словенија. Според тоа останува проблемот да се решава таму каде што е. Тој проблем може да го предава државата, Владата, Министерството. Да се седне и тој проблем да се реши, како да стигнеме на тој пазар. Но, тој пазар не сака само да не прими ако ние не направиме отстапки. Тоа е работа сега Владата да ја решава. Тука е проблемот. Тука треба да се вложат напори. Тука треба да се седне.

Отсуствуваат практични решенија. Многу надмудрувања, многу политика, ама не на политика насочена на решавање на економ- ски проблеми.

Според тоа, господо од Владата , господин министре за земјоделие треба да се наметнете тој проблем да го решаваме. не можеме да продаваме раноградинарско производство во Бугарија. Тие на Балканот го почнале тоа производство. Не можеме да го продаваме во Грција каде

што има снажно производство. Нам ни останува северниот дел кој нема природни услови рано да произведува. Кога ќе почне сега да произведува не можеме и ние да пласираме. Но, ако таму сме пласирале, ако сме биле на тој пазар а нашите луѓе беа на пазарите во Југославија, самите беа, не треба никој да ги организира, државни фирми или државни претпријатија ние само да им овозможиме да не плаќаат царина од 30% што ќе влегуваат на тие пазари, да им овозможиме да се движат непречено низ тие пазари, да нема ограничување, да се овозможи со државите со спогодби тоа да го направиме, луѓето сами ќе одат да пласираат. Тука е проблемот, тука треба да се решава. Да не бегаме од решенија што можат да се решат но треба да се седне да се преговара и разговара.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, веројатно ова прашање што е покренато од пратеникот Трајков со право е покренато и аргументирано се брани во границите на своите можности и во границите на состојбите во кои се наоѓа земјоделието во Републикава.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ**: (Продолжение) ,

Почитуван претседателје, почитувани пратеници, мислам дека ние со право го покренуваме ова. прашање како пратеници затоа што знаеме колку граѓани во Републиката живеат од земјоделие, знаеме што значи токму во овој период за граѓаните што живеат од оваа дејност, мислам дека прашањето колку го оправдува министерот за земјоделие толку би сакал и од оваа седница да го обврземе со уште едно прашање.

Мислам дека секоја актуелна влада, секое ресорно министерство мора секојдневно да дава новини што покренало. Јас морам да кажам дека ние бевме многу експедитивни, оние што биле заинтересирани за царинската спогодба со Словенија да ја потпишат со 1% тоа што рече колегата Иванов дека ништо Република Македонија нема фајде од тоа, ако е стварно така, јас немам аргументи, меѓутоа верувам во тоа бидејќи мислам дека веруваме еден на друг зошто спогодбата со СР Југославија не е потпишана токму од причини затоа што Македонија е заинтересирана за пласман на своето производство во Србија. Знаеме за еден бостан, се плаќа царина, односно си го заштитува сопственото производство Србија, 26 или 30%. Ако ние сме биле повични, покреативни, како одговорни субјекти и како ресорно министерство требало да се настојува таа царинска спогодба што побрзо да се потпише токму за да не чека 20 км. да не се чека ни 200, туку за 15 минути или пола саат, или за 2 часа прелазот да биде слободен.

Јас повеќе се јавив затоа што во повеќе дискусии, а морам да кажам дека секогаш сум гласал за одговорни субјекти, без разлика од каде доваѓаа, од каде припаѓаат, и сега ќе се заложам конкретно секое ресорно министерство нека си даде сопствена програма пред овој Парламент, пред Владата, односно конкретно за земјоделието.

Затоа јас би го дополнил заклучокот што го предлага пратеникот Трајков, се разбира:; доколку се согласат, ако веќе расправаме за оваа точка, молам комплексно сите прашања кои се врзани за земјоделието, а земјоделието опфаќа многу гранки во него како една програма да биде доставена од ресорното министерство до Владата а Владата да ни ја достави пред Парламентот. Сега зборуваме за многу малку прашања, за откуп на раноградинарските производи. Во септември ќе бидеме во состојба да зборуваме за други производи, во октомври за трети и мислам Дека самите со себе како пратеници, не зборувам само граѓаните што"се бават и барат со право, сами со себе како Парламент ќе се бавиме овде како пратеници и министри. Затоа јас барам една комплексна програма да се понуди во најкраток временски рок, не велам период, затоа што период е малку подолго, а оперативно терминот рок значи да разгледаме прашање по прашање и мене како пратеник да ме стават во една одговорна улога во Парламентот да одлучувам за судбината и несудбината на голем број на граѓани конкретно за земјоделието.

Значи мојот заклучок е бараше до ресорното министерство а ресорното министерство до Владата, Владата да излезе пред Парламентот со една комплексна програма за прашањата од земјоделието во Република Македонија.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, се рекоа полно работи во врска со раноградинарските култури. И тоа се рекоа како да се денешни проблеми, како да немаат своја историја, како да не се срекававме со проблемите со кои се срекававме и дека историски не дели еден период сериозен кога ги убедувавме земјоделските производители за компаративните предности во рамките на поранешна Југославија и дека треба да бидат застапени на поголеми површини тие

производи и заради поголемата доходовност и тн. и тн. И без наша волја се случи тоа што се случи, и пазарот си отиде, а сега говориме како ништо да не се случило во меѓувреме некој како да треба да биде оцрнет и треба да поднесува одговорност.

Мислам дека Џамбазовски како претседател на Комисијата ги лоцира проблемите на право место. Тие не смеат да мируваат како проблеми мора да бидат во житата на вниманието и чекор по чекор да се најде решение за одредени проблеми, како и за целокупното стопанство, не само кај овој сектор.

Ние проблемите како последица од блокадите што ги имавме ги имаме во целокупното стопанство не само во раноградинарските култури односно само во сферата на земјоделието. Треба да се носиме целосно со тие проблеми. Но она што ме поттикна да станам да кажам неколку збора.

За чудо како по навика дури не е потпишан еден документ за економска соработка меѓу Република Македонија и една друга република тука сме да критикуваме и да бараме кој и зошто пречи да не се потпишува. Кога се става потписот на тој документ наеднаш дилемите во врска со тој документ. На 1 јули се потпиша договор за слободна трговска зона меѓу стопанството на Република Македонија и стопанството на Република Словенија. Овој Парламент ќе го добие документот за да го парафира. Допуштете работите да одат по својот ред, немојте наеднаш така и вака. Вие знаете дека имаше еден прекин и меѓу стопанството на Словенија и на Република Македонија, затоа што се случи тоа што се случи. Билансна нерамнотежа беше воспоставена во економските односи уште од 1992 година, кога се потпиша спогодбата за стопанска соработка меѓу двете земји. Поради тоа во меѓувреме се упадна со други инструменти кои не ја почитуваа спогодбата потпишана меѓу двете земји. Ова е крај на тоа, ги отфрлува сите тие пречки и да се надеваме да тргнат работите во правец по кој сакаме.

Вие го врзавте проблемот на договарањето со СРЈ. Зарем не сте информирани дека првите разговори почнаа некаде во почетокот на мај со СРЈ, зарем воопшто не:сте информирани дека тогаш начелна согласност е постигната и формирани се експертски групи и на едната и на другата страна, воопшто не сте информирани каде е проблемот се уште и не ќе има проблем по мое уверување, но сега настапува еден период и на едната и на другата страна на годишни одмори кои не ќе го допуштат потпишувањето на тој акт мислам временски веројатно во септември ќе се прават напори да се потпише за да стапи во сила. Решенијата кои се договараат меѓу двете страни се прифатливи за стопанството не се неприфатливи. Но чекајте да ги видите документите па тогаш судите.

Наеднаш е правена понуда на Република Хрватска да отпочнат преговори на стопански план. Да се формира експертска група и на една и на друга страна и мешовите комисија и на едната и на другата страна која ќе има задача да подготви документ за економската соработка по-меѓу стопанствата на Република Хрватска и Република Македонија. Да настојува да ги елиминира пречките кои стоеја на пат за да се остварува една повисока економска соработка меѓу двете стопанства. Допуштете не се спие се работи. Исто така во тек се преговорите со Република Бугарија да се постигнат сите меѓудржавни договори за економска соработка. На 25 август мешовитиот комитет на Република Македонија и Република Турска дефинитивно ќе заседаваат после толку време што не можеа да се создадат услови да заседава и да ги договара оние работи кои се пречка во остварувањето особено на извозот од стопанството на Република Македонија во Република Турска. Тоа ништо не ли ви значи? Мислам не е тоа тоа. Сите работиме на тој план да создаваме услови да почне стопанството да доаѓа до израз, но ве молам сето тоа во рамките на едно пазарно стопанство. Да се обезбедат општи макро економски

услови и општи услови за меѓусебна стоковна размена и меѓусебно плаќање на стоките Помеѓу стопанството на Република Македонија и ред други стопанства а не да биде Владата комерцијална служба како што испаѓа дека така треба да биде. Тогаш што ќе прават експертите во тие претпријатија,

Немојте 20-те километри да ги поврзувате на граница, затоа што го знаете подобро од мене проблемот. Проблемот е поради болеста на шапот и лигавката. Мерките ги презема другата страна, меѓутоа добрите стопанственици не застануваат на 21-иот километар наоѓаат други патишта да ја дотураат својата стока таму каде што треба да ја дотурат а не преку тој премин, затоа што на тој премин друг командува, не командуваме ние.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Јас благодарам на искажувањето на министерот за стопанство господинот Беќир Жута, но ние сме во Парламентот да укажеме на одредени недостатоци, одредени маани во една економска политика. Ние сме претставници на избирачите не сме претставници на Владата или на некои други институции.

Прво, навистина се уште не е дојдена спогодбата со Словенија, но тоа е голема грешка. Во Европската унија влегоа и развиени и неразвиени земји, и земји кои што имаат национален доход и четири иљади долари и земји кои што имаат 30 и 40 иљади национален доход. Ама земјите кои што имаат низок национален доход вие знаете какви дотации добиваат токму заради тоа што постои различен степен на развиеност. Грчка 8 милијарди долари доби. Не знам колку Шпанија, Португалија. Ние вакви бесцарински зони треба да правиме со земји кои што имаат ист степен на развој како што ние имаме, или ако правиме тогаш тие земји треба на еден начин да вршат компензација на ова стопанство. Според тоа не е исто дали ќе направиме ние бесцаринска

зона со Бугарија, дали ќе направиме со Албанија или Југославија каде што приближно "е истиот степен на развој или со една Словенија која што има 8 илјади долари национален доход а ние б. Тука ние се разликуваме. Според тоа ако тука се разликуваме за жал јас останувам на тие позиции што јас ги искажав.

Што се однесува до 2 0-те километри на автопат кој има натрпани возила, нема веќе споредни излези, се затворија сите ние секој ден се срeќаваме. Колку да сте добар стопанственик на грб не- можете да го пренесете товарот. Но тоа се решава. Треба да се седне и да се реши и да се договори токму на тие излези да излеземе ние како стопанственици. Тоа е практичната работа. Животот е тоа. Не трпи реторика и не трпи животот само залажување. Треба да се живее. Денеска ако се стои, не работите тоа се големи загуби. Тоа го знаат само тие што произведуваат и што продаваат.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Разочаран сум од искривувањето на работите по настапите на министрите Паракеов и Жута, наместо квалитетни одговори на изворните барања пренесени преку пратениците од земјоделските производители на раноградинарски производи испадна наше караше како пратеници на Парламентот. Јас ќе повторам, што има министерот за земјоделие, тоа и министерот за стопанство, пошироко гледано ресорно во произнесувањето по конкретните мерки идентични искажани од сите пратеници кои што ги застапуваме земјоделските општини односно од каде што доаѓаме и други пратеници што доаѓаат.

Се спомнува регресирањето на семен материјал, вештачко ѓубриво, заштитни средства и други влезни трошоци во ова производство. Се кажува дека тоа сега отсуствува како една форма на компензирање, субвенционирање на трошоците на раноградинарското производство.

Второ, се предлага премирање и дотирање на производството, дури и во преработувачкото производство. Џамбазовски кажа една стара прикаска која вели сето тоа е убаво, ама нашата држава е сиромашна. Тоа е познат одговор. Практично се кажуваат и компаративно сознанија како е тоа регулирано во соседните држави каде што тоа е веќе позитивна пракса. Што има надлежното ресорно министерство конкретно на врзувањето на увозот на добар дел на производи. Ги кажавме јужното овошје, дека рековме семиња, вештачки ѓубриња итн. врзување на тој увоз како високодоходовен со извозот на овие раноградинарски производи. Недозволиво е само свежата јаболка да биде врзана сега со ова. Зошто не е проширена таа листа конкретно со други раноградинарски производи, со грозје и тн. Треба одговор токму тука. Силни кредити се најавуваат и дека преку министерствата ќе се реализираат. Дали овие производители, дали другите земјоделци ги имаат осетено. Тоа треба да се даде како одговор или ќе нема кредитно наменување непосредно до земјоделските производители на раноградинарските производи. Овде беше кажано за обврската ја има ли, ја сака ли, ја има ли зацртано оваа влада и ресорното министерство во делот на обезбедување на нови пазари.

Го знаеме одговорот дека со затворањето на северната граница, проблемите со ЈУ пазарите отежнат е пазарот, но беше кажано и од господинот Иванов што во тие преговори се ефектуирало за да тие проблеми, тие пречки се надминат за да се ослободи царинарењето на тие производи, да се ослободи превозот, да биде поекономично превезувањето и превозот на овие стоки.

Потоа, беше кажано од мерките што јас ги презентирав.

Во билатералните договори со средно европските и источно европските држави дали оваа влада има преговарање за државни компензации да го плаќаат увозот на нивните хемикалии, железо, нафта, или било што со наплата преку раноградинарски производи со наплата на други земјоделски производи и тн. Тоа е конкретно прашање и треба да се даде одговор.

Потоа, конкретната мерка укинување, на крајот од информацијата на Министерството од земјоделие има навестување но не како заклучоци и мерки. Треба да се дефинира што министерството и владата на делот на укинувањето на царинските и даночните давачки и делот на земјоделски машини трактори, стаклени конструкции, што е во функција на ова раноградинарско производство.

На крајот ја повтори мојата мерка господинот Чифлиганец. Тоа е дека овој парламент треба да расправа за една комплетна студија, он ја кажа програма, за целокупното земјоделско производство кое ќе даде одговор и решение на сите овие проблеми, нормално со можности и согласно решенијата кои оваа Влада може да ги реализира се во интерес на земјоделците.

Предлагам да влезе и во заклучувањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Молам, сите пратеници да влезат во салата. Молам да добиеме информација колку пратеници се присутни во салата.

Имаме предлог од господинот Трајков. Бидејќи заклучокот е умножен, предлагам прво да гласаме за Предлог - заклучокот на господинот Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Предлагам овие два заклучоци да бидат составен дел на Информацијата дадена од Комисијата за земјоделие, предлогот заклучокот на Комисијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господинот Трајков, молам да крене рака. (59 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на господин Трајков овие два предлог - заклучоци да бидат составен дел на Предлог - заклучокот на Комисијата за земјоделие.

Предлогот на господин Чифлиганец за дополнување на заклучоците на Комисијата, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (59 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на заклучокот содржан во Извештајот на Комисијата дополнет со овие три предлози на заклучоци, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници гласа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Седницата заврши во 14,30 часот.